# МОНЕТИТЕ НА ПАЈОНИЈА
## ОД НУМИЗМАТИЧКАТА ЗБИРКА НА НБРМ

ЕФТИМИЈА ПАВЛОВСКА

# THE COINS OF PAEONIA
## FROM THE NUMISMATIC COLLECTION OF NBRM

EFTIMIJA PAVLOVSKA



НАРОДНА БАНКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

NATIONAL BANK
OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

*Издавач:*
НАРОДНА БАНКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.nbrm.gov.mk

*За издавачот:*
Петар Гошев, гувернер на НБРМ

*Уредник:*
Катерина Христовска

*Автор:*
Ефтимија Павловска

*Превод на англиски:*
Елизабета Баковска
Ефтимија Павловска
(кат. бр. 1-238)

*Лектура на македонскиот текст:*
Бисера Павлеска

*Конзервација:*
Дијана Ванчевска
Билјана Бозароска-Павловска

*Фотографии:*
Владо Кипријановски

*Дизајн и компјутерска обработка:*
АРТИСТИКА, Скопје

*Печат:*
НАМ Прес, Скопје

*Тираж:*
500

Скопје, 2008

*Publisher:*
NATIONAL BANK
OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
www.nbrm.gov.mk

*On behalf of the publisher:*
Petar Goshev, Governor of the NBRM

*Editor:*
Katerina Hristovska

*Author:*
Eftimija Pavlovska

*Translated into English:*
Elizabeta Bakovska
Eftimija Pavlovska
(cat. nos. 1-238)

*Macedonian Proof Reading:*
Bisera Pavleska

*Conservation:*
Dijana Vanchevska
Biljana Bozaroska-Pavlovska

*Photographs:*
Vlado Kiprijanovski

*Design and prepress:*
ARTISTIKA, Skopje

*Print:*
NAM Pres, Skopje

*Issue:*
500

Skopje, 2008

ISBN: 978-9989-107-14-6

© 2008 Сите права се задржуваат.
Ни еден дел од оваа публикација не може да биде препечатен или репродуциран на елекронски, механички или друг начин без писмена дозвола од издавачот.

© 2008 All rights reserved.
No part of this book can be copied or reproduced in electronic, mechanical or any other form without written consent of the publisher.

# МОНЕТИТЕ НА ПАЈОНИЈА
## од Нумизматичката збирка на НБРМ

Ефтимија Павловска



# THE COINS OF PAEONIA
## from the Numismatic Collection of NBRM

Eftimija Pavlovska

# CONTENTS




Foreword ***8***

Introduction ***29***

Paeonian Tribal Coinage ***31***

Paeonian Regal Coinage ***35***

The Coinage in the Paeonian Neighbourhood: Damastium and Pelagia ***43***

Catalogue ***45***

Ancient Sources ***79***

Bibliography and Abbreviations ***81***

Plates ***87***



# СОДРЖИНА


*6* Предговор

*11* Увод

*13* Пајонско племенско монетоковање

*18* Пајонско кралско монетоковање

*26* Монетоковањето во пајонското соседство: Дамастиј и Пелагија

*45* Каталог

*79* Антички извори

*81* Библиографија и кратенки

*87* Табли

# ПРЕДГОВОР

Издавањето на Монетите на Пајонија од Нумизматичката збирка на НБРМ, како прво дело во новата едиција „Nummi Macedoniae“ претставува вовед во намерата на Народната банка на Република Македонија интегрално да објавува хронолошки систематизирани делови од својата Нумизматичка збирка, којашто постојано ја создава и ја збогатува, почнувајќи од веќе, не толку блиската 1999 година. Верувам дека реализирањето на овој проект ќе овозможи Збирката да биде подостапна за јавноста и дека, на овој начин, таа ќе претставува дополнителна можност за проширување на академските знаења за монетарната историја на Република Македонија. Се чинеше природно оваа промоција на културното наследство на нашата држава да започне со издавање публикација за паричните изданија на најстариот автохтон монетарен систем којшто бил создаден и постоел на почвата на Република Македонија.

Во изминативе години, Народната банка посвети големо внимание на збогатувањето на Збирката на монети издавани од страна на пајонските племенски заедници и на пајонските кралеви, ковани во периодот помеѓу VI век пр. н.е и III век пр. н.е. Затоа, таа денес е редок корпус на историски, економски и културни податоци за сѐ уште опскурното општество на старите Пајонци и нивната држава, којашто во најголем дел се простирала во источниот и централниот дел на територијата на Република Македонија. Скромното спомнување на пајонските племенски заедници и, потоа, на кралството на Пајонците во античките дела, како и недостатокот од археолошка граѓа за поцелосна реконструкција на пајонската историја и култура, ги претвора нивните официјални парични изданија во едни од најверодостојните траги за нивното високоорганизирано политичко и економско живеење уште во периодот од најраната антика.

Макотрпна работа е да се собираат и да се обработуваат артефакти од овој вид, посебно за некои периоди и некои цивилизации стари повеќе векови пред нашата ера. Веројатно не случајно, изминати се речиси осум децении од објавувањето и на првата и на сѐ уште најважната систематизирана студија за паричните изданија на пајонските племенски заедници и на пајонските кралеви од страна на Хуго Геблер во 1935

година, продлабочена со неколку понови корпуси на пајонски монети од големите европски и американски збирки. Затоа нумизматичарите се едногласни кога велат дека објавувањето на студија за 238 комплетно документирани примероци на сребрени и бронзени пари, колку што се вклучени во овој каталог, е ексклузивно случување во пајонската нумизматичка историографија. За таквото ексклузивно задоволство треба да ѝ бидеме благодарни на младата и талентирана истражувачка, Ефтимија Павловска, кустос за античкиот период во отсекот за нумизматика во Народната банка на Република Македонија. На сите нас ни подари не само нов труд, по подолг период, туку, уште поважно, значајно дополнување на постоечките сознанија за структурата и хронологијата на пајонскиот монетарен систем. За тоа убедливо говорат и реткоста и, посебно, уникатноста на примероците дадени во каталогот, нудејќи поинакво читање и разбирање на пајонската монетарна историја и нумизматичка иконографија, веројатно еднакво возбудливо како за стручната, така и за пошироката јавност.

Епилозите од овој вид се добра потврда за полезноста на инвестициите на нацијата во областа на историјата, творештвото и воопшто во културата. Затоа, Народната банка ќе продолжи со одговорното одржување и натамошното развивање на нумизматичката дејност, денес олицетворена во раскошната музејска збирка како дел од заедницата на сите што се длабоко посветени на негувањето на континуитетот на нашиот културен идентитет. Од тие причини, почитувани, со право очекувајте нови задоволства од овој вид.

м-р Петар Гошев,
гувернер на Народната банка
на Република Македонија

# FOREWORD

The publishing of the Coins of Paeonia from the Numismatic Collection of the NBRM, as the first book in the new book series "Nummi Macedoniae" is an introduction to the intention of the National Bank of the Republic of Macedonia to publish chronologically systematized parts of its Numismatic Collection, created back in 1999, and continually enriched ever since. I believe that the realization of this project will enable the Collection to reach the public more easily and that in this form it will provide additional possibility to expand the academic knowledge about the monetary history of the Republic of Macedonia. It seemed natural this promotion of the cultural heritage of our country to begin by issuing a publication about the coin denominations of the earliest autochthonous monetary system which was created and existed on the territory of the Republic of Macedonia.

Throughout the past years, the National Bank has paid great attention to the enriching of the Collection of coins issued by the Paeonian tribes and Peaonian kings, minted in the period between the VI century BC and III century BC. Therefore, today it is a rare corpus of historical, economic and cultural data about the still obscure society of the ancient Paeonians and their state, which was mostly covering the east and central part of the territory of the Republic of Macedonia. The scanty mentioning of the Paeonian tribes, and subsequently the Paeonian Kingdom in the ancient works, as well as the lack of archeological material for more complete reconstruction of the Paeonian history and culture turns their official monetary units into one of the most credible traces of their highly organized political and economic life ever since the early ancient period.

It is a hard work to compile artifacts of this kind, especially for the periods and civilizations going back several centuries BC. Probably it is not accidental that almost eight decades have passed since the publishing of the first and still the most important systematized study of the coin denominations issued by the Paeonian tribes and Paeonian kings by Hugo Gaebler in 1935, enriched by several corpuses of Paeonian coins from the large European and American collections, of a newer date. Therefore, numismatic experts are unanimous in their argument that publishing of a study about 238 completely documented specimens of silver and bronze coins, included in this catalogue, is an exclusive event in the Paeonian numismatic

historiography. The credit for such an exclusive pleasure should be given to the young and talented researcher, Eftimija Pavlovska, curator of ancient coins in the Numismatic Unit in the National Bank of the Republic of Macedonia. For all of us this is a present in the form of a new publication, after a longer period of time, but which is even more important, it is a significant supplement to the existing knowledge about the structure and the chronology of the Paeonian monetary system. Proof of this is the rarity and especially the uniqueness of the pieces presented in the catalogue, offering a different reading and understanding of the Paeonian monetary history and numismatic iconography, probably equally exciting both for the experts and for the common public.

Epilogues of this kind are strong confirmation of the usefulness of the nation's investments in the field of history, scholarly works, and culture in general. Therefore, the National Bank will continue its responsible maintenance and further development of the numismatic activity, today incarnated in the rich museum collection as part of the community of those deeply devoted to the nourishing of the continuity of our cultural identity. Hence, ladies and gentlemen, you have the right to expect new pleasures of this kind.

Petar Goshev, MSc.
Governor of the National Bank
of the Republic of Macedonia

# УВОД

Древната пајонска популација којашто живеела во јужниот дел на Балканскиот Полуостров, уште од најраниот период на историјата - доцното бронзено време, го населувала широкиот географски простор којшто денес зафаќа делови од Бугарија и Грција, но и од Република Македонија. За жал, за Пајонија и за нејзините жители, многу малку и ретко се пишувало. Нивното споменување од страна на античките автори било само попатно, и вообичаено сврзано за одредени настани во историјата, во кои биле вклучени и Пајонците. Така, почнувајќи од Хомер во VIII в. пр. н.е., податоци за Пајонија и за Пајонците се среќаваат и кај подоцнежните автори како што се Херодот, Тукидид, Полибиј, Страбон, Ливиј, Јустин и др., но и во епиграфските извори, коишто сепак не се доволни за да се направи комплетна реконструкција на пајонското минато. Затоа постоењето на нумизматичките извори, односно монетите што ги издавале пајонските племиња, а подоцна и кралевите, претставуваат еден од најзначајните и најавтентичните извори на информации за општествениот, политичкиот, економскиот и религиозниот живот на Пајонците.

Интересот за пајонската нумизматика кај истражувачите се појавил уште на крајот на XIX век, но посериозните проучувања на оваа проблематика започнале на почетокот и во првата половина на XX век, а се засилиле во втората половина на векот. Најчесто се работи за каталошко публикување на пајонските племенски и кралски пари на одредени збирки, или за научни статии кои допираат одредени аспекти и од пајонското монетоковање. Во тој контекст, значајно е да се споменат најстарите каталози во кои се вклучени овие монети - на Б. Хед (B. V. Head, *British Museum Catalogue of Greek Coins: Macedonia, etc.*,1879), на Н. Мушмов (*Античните монети на Балканския полуостровъ и монетите на българските царе*, 1912), како и на Х. Геблер (H. Gaebler, *Die Antiken Münzen Nord-Griechenlands*, III: *Makedonia und Paionia*, 1935), но од особена важност е и делото на Ј. Своронос (J. N. Svoronos, *L'hellénisme primitif de la Macédoine prouvé par la Numismatique et l'or du Pangée*, 1919) кое е исклучително фокусирано на пајонските племиња и на нивното монетоковање.

Денес, пајонската историја сè уште не е доволно разјаснета, а проучувањето на монетоковањето на Пајонците и понатаму предизвикува возбуда кај истражувачите. Токму затоа и при собирањето на нумизматичките артефакти во релативно

младата Нумизматичка збирка на Народната банка на Република Македонија, примарниот интерес е насочен кон овие изданија на пари, коишто се автохтони и најстари на оваа почва. Нивната анализа и проучување можат да дадат придонес во расветлувањето на загадочното пајонско минато, а со тоа и на еден дел од најраната историја на Република Македонија. Иако секоја од овие монети, обработени во Збирката, претставува редок и ексклузивен примерок, постојат некои од нив коишто заслужуваат посебно внимание. Во овој контекст би ги споменала анепиграфните монети на Дероните со ниска номинална вредност (**1-21**), откриени источно од р. Вардар, во регионот на р. Брегалница, т.е. во некогашна Источна Пајонија. Нивното циркулирање на овој простор дава уште една потврда за претпоставената матична територија на ова пајонско племе, коешто го нема во примарните извори. Античката историографија, пак, го забележала постоењето на пајонското племе Лајаи, но сребрените пари коишто ги произвеле тие се многу ретки и од неколку познати примероци на нивните октодрахми, еден се наоѓа и во Збирката на НБРМ (**23**). Античките автори не запишале ништо ниту за владеењето на претпоставениот пајонски владетел Тевтај (ок. 400 - ок. 380/70 г. пр. н.е.), но неговиот уникатен сребрен диобол (**27**) претставува најцврста потврда за тоа. Следува примерокот на тетробол (**39**) на кралот Ликеј (ок. 359/8 - 340/35 г. пр. н.е.), чиишто претстави на лав и на волк на аверсот и на реверсот прикажуваат нов и сè уште единствен тетробол од овој тип. Пајонската збирка ги содржи и исклучително ретките бронзени изданија (**115-124**) на кралот Леонт (ок. 278/77 - ок. 250 ? г. пр. н.е.) и во моментов, претставува единствена јавна збирка со најголем број примероци на пари коишто му припаѓале на овој владетел. Анализата на овие десет примероци, всушност откри дека бронзените пари на Леонт биле исковани во две различни номинални вредности. И бронзените монети на последниот пајонски крал Дропион (ок. 250 - ок. 230 г. пр. н.е.), коишто се наоѓаат во Збирката, според нивната бројност од 97 примероци, повторно, ја прават неа најголемата јавна збирка што ги содржи неговите изданија. Овие монети се издвојуваат во три различни типови, со тоа што токму во оваа прилика се открива и постоењето на третиот тип монета од изданијата на кралот, на која можеби е прикажан неговиот лик (**219**). Ретки се и изданијата на Пелагија (**236-238**), град во близината на Пајонија, којшто можеби се наоѓал на територијата населена од пајонското племе Агријани, па и нивното присуство во рамките на Пајонската збирка заслужува да биде истакнато.

Верувам дека издавањето на 238-те примероци од Пајонската збирка на Народната банка на Република Македонија ќе овозможи монетите да станат подостапни за широката научна јавност и да се продлабочи нивното понатамошно проучување и истражување.

# ПАЈОНСКО ПЛЕМЕНСКО МОНЕТОКОВАЊЕ

На крајот на VI век пр. н.е. на територијата на егејското крајбрежје и во неговата внатрешност се појавила монетоковничката активност кај локалните племиња, чиишто серии на пари, денес, покрај тоа што се значајни уметнички дела од доцноархајскиот период, претставуваат и живи сведоци за нивното постоење.

Станува збор за изданијата на пари на племињата кои ја населувале областа по долните сливови на Аксиј (Вардар) и на Стримон (Струма) и околу планината Пангај (Кушница), во нумизматичката литература вообичаено назначени како *тракиско-македонски*.[1] Овој термин повеќе има геополитичко значење бидејќи е познато дека голем дел од долномакедонските области сè до повлекувањето на Персијците и освојувањето од Александар I (498 - 454 г. пр. н.е) во 479 г. пр. н.е., биле населени или заземени од Пајонците.[2] Тука, секако, треба да се споменат и племињата распространети на територијата по горното течение на Стримон, односно, горното и средното на Аксиј, како и по долините на Понт (Струмица) и на Астиб (Брегалница), чијашто пајонска провиниенција воопшто не е спорна,[3] а во најголем дел припаѓа на денешна Република Македонија. Така, првите пари биле емитувани од Лете, Дероните, Лајаите, Мигдонците (?), Ореските, Едоните, Бисалтите, Тинтените, Ихнаите, но и од други племенски заедници познати само по своите анепиграфни пари - единствениот доказ за нивното постоење во историјата.

Главниот предуслов за раната појава на монетната продукција, биле пред сè големите рудни богатства на злато и на сребро со кои изобилувале териториите што ги населувале овие племиња, односно рудниците лоцирани околу планините Дисорон (Круша) и Пангај, како и во кратовско-злетовскиот и во штипско-радовишкиот регион.[4] Меѓутоа, со персиската доминација на Балканот (510 - 479 г. пр. н.е.), заради плаќањето на данокот што им бил наметнат на племенските организации, малата постоечка продукција значително се зголемила, па покорените племиња почнале да емитуваат големи номинални вредности, и тоа исклучиво во сребро.[5] Тие употребувале ист тежински стандард при изработката на своите пари,[6] како и мошне слични иконографски претстави на нив, што изгледа произлегло како резултат на политичката ситуација наметната

1 Иако терминот не е соодветен, востановен е и во поновите изданија за нумизматичка библиографија, в. Schönert-Geiß 1999, 1191-1219.

2 Херодот, V.1,13,15-17, VII.113; Тукидид, II.99.4; Полибије, XXIII. 10; Јустин, VII.1; Strabo, VII. frg. 41.

3 Тукидид, II.96.3; Strabo, VII, frg. 4; Polyaenus, IV.12.3: според Papazoglu 1969, 427.

4 За рудните богатства на овие региони, в. *HM* 2, 70; Borza 1990, 53-54; Borza 1995, 39-43; Керамидчиев 1977, 105-110; Петрова 1999, 118-119; Микулчиќ 1999, 145-146; Драганов 2000, 51, в. и Херодот, V.17 , VII.112; Strabo, VII, frg. 34.

5 Според Н. Хамонд (*HM* 2, 74), таквата нивна форма била најприфатлива за извоз на среброто, коешто патувало и во форма на инготи на Истокот; М. Прајс (Price 1987, 44), исто така е убеден дека овие големи и тешки монетни вредности на племињата, откривани во источномедитеранските остави, биле извезувани како сребро и служеле како форма на трговија, не за плаќање даноци.

6 Стандардот којшто е сложен и ги користи и ориенталниот и хеленскиот систем на деноминации, Д. Рејмонд (Raymond 1953, 23) го нарекува *тракиско-македонски*, а називот е прифатен и во современата нумизматика; М. Прајс (Price 1974, 4), исто така, ја заснова својата поедноставена метролошка табела врз овие два система. Ј. Своронос (Svoronos 1919) го нарекува *пајонски* (в. метролошка табела на крајот). Овој термин е прифатлив особено за монетоковањето на пајонските племиња помеѓу горните и средните сливови на Аксиј и на Стримон; в. и Josifovski 2006, 259.

од Персијците,[7] но истовремено упатува и на постоењето на организирана монетна заедница меѓу соседните племиња,[8] секако имајќи ги предвид и малите номинали коишто служеле за локална употреба.

Племенското монетоковањето, во овој каталог, е опфтено само преку монетите на неколку племиња - Дерони, Лајаи, Мигдонци (?), Ихнаи и Ораски, сите застапени со мали и ретки примероци на сребрени номинали во вредност на тетроболи, триоболи, диоболи, трихемиоболи, оболи и хемиоболи.

Исклучок е пајонското племе Лајаи, присутно со една ретка сребрена октодрахма (**23**), чија иконографија е слична со онаа на деронските декадрахми и додекадрахми, од типот *брадест маж на кола влечена од волови / трискел*.[9] Врз основа на тоа, а и заради нивната погруба изработка, долго време се сметале за варварски имитации и за фалсификати.[10] Меѓутоа, откривањето на еден примерок од овие пари во остава во Египет, околу 1879 г., заедно со монети на Ајнеја, Тероне и на Бисалтите, ја потврдило нејзината оригиналност.[11] Нивната аверсна претстава, како и кај некои од деронските, покрај брадестиот маж со камшик в рака кој седи надесно во кола влечена од два вола и коринтскиот шлем во горниот дел, долу вообичаено ја има и легендата ΛΑΙΑΙ, испишана со груби букви, којашто во овој случај е нечитлива. На задната страна, пак, на местото на трискелот, се наоѓа приказ на крилестиот коњ Пегас во двојна рамка во плиток вдлабнат квадрат. Очигледно и неспорно постоела врска меѓу овие две пајонски племиња, а присуството на Пегас меѓу нозете од трискелот, покрај палметите, на еден примерок на деронска декадрахма откриена во Куманово, сопственост на Музејот на Македонија во Скопје,[12] уште повеќе ја засилува нивната блискост, не само иконографски, туку и географски. Имено, Тукидид ги спомнува Лајаите населени по горниот тек на Стримон, а западно од нив ги лоцира независните Пајонци,[13] кои би можеле да се поврзат со Деронитe,[14] за кои нема информации во литерарните извори. По однос, пак, на хронолошките рамки во кои би можела да се датира оваа октодрахма на Лајаите, заради отсуството на сигурни историски податоци, како што е случај со племенското монетоковање, воопшто, за поткрепа остануваат само податоците кои се добиени од анализата на одредени остави на пари, од кои особено се значајни публикуваните резултати за оставите од Асјут (Египет)[15] и од Ликија (Турција).[16] Па, врз основа на тоа, сметам дека овој примерок треба да се смести во периодот од 479 до 460/50 г. пр. н.е., кога се датирани бисалтските октодрахми, но и типот на деронски монети со трискел на реверсот, и едните и другите отсутни од Асјут,[17] при што споменатата иконографска сличност со деронската, како и заедничкото присуство со Бисалтите во египетската остава,

7 Драганов 2000, 31.
8 Raymond 1953, 43-59.
9 Svoronos 1919, Pl. I.10-14, 16, II. 1-6.
10 Head 1911, 202; Gaebler 1935, 56, T.XXV.19; Ј. Свороnoс (Svoronos 1919, 21-22, Pl.III.7), нема сомнеж во автентичноста и во припишувањто на оваа монета на Лајаите.
11 *IGCH* no. 1634; се претпоставува дека тетрадрахмата од Ајнеја се наоѓа во Берлин, а останатите монети се во Лондон, в. *BMCMac.*, 107, no. 3 (Тероне), 141, no. 3 (Бисалти), 151, no. 2 (Лајаи).
12 Петрова 1994, 9-19.
13 Тукидид, II.96.3
14 Петрова 1994, 9; Петрова 1999, 7.
15 Price, Waggoner 1975.
16 Price 1987, 43-47.
17 М. Прајс (Price 1987, 45), изданијата на Бисалтите ги датира по 480-460 г. пр. н.е., а на Деронитe до доцните 460-ти или 450-ти г. пр. н.е.

одат во прилог на ваквото датирање.

И покрај тоа што за Дероните нема пишувани податоци, сепак, монетоковањето што му се припишува на ова пајонско племе е најцврстата потврда за нивното постоење. За Дероните говорат инскрипциите на сребрените додекадрахми, декадрахми и тетрадрахми, коишто понекогаш се и анепиграфни, исто така. Можната локација, пак, што ја населувале, ја разгледувале повеќе автори, сместувајќи ги на кракот Ситонија на Халкидик,[18] во околината на Дојран,[19] на Штип и на Кратово,[20] односно на широката територија помеѓу горното и средното течение на Аксиј и на Стримон.[21] Во овој регион е ретко присуството на оставите со монети со висока вредност, меѓу кои и деронските, наспроти нивната голема бројност на просторот на источниот Медитеран (Египет, Сирија, Јордан, Ирак, Авганистан). Ваквата географска дистрибуција ја потвдува нивната функција како средство за плаќање данок, но и за трговија и за извоз од страна на Персијците.[22] Меѓутоа, интересно е и тоа што на Балканот постојат остави што ги содржат токму високономиналните монети на Дероните,[23] но далеку поретки од претходно споменатите, при што нивната намена веројатно била за исплата на војниците од персиската војска.[24]

Меѓутоа, секогаш од големо значење се монетите со ниска номинална вредност, што служеле за домашна употреба, коишто преку местото на нивното откривање, можат да ја навестат и автохтоната територија на одредено племе. Оттаму, и за источниот дел на Република Македонија, се смета дека се совпаѓа со територијата што ја населувале Дероните.[25]

Токму овие монети го сочинуваат и јадрото на племенските монети во Пајонската збирка на НБРМ (**1 - 21**), сите без натпис на нив и сите по потекло од регионот на Велес - Св. Николе - Штип - Радовиш, подредени хронолошки и типолошки во овој каталог. Временски најстара е единствено првата монета, којашто претходно била припишувана на Ореските,[26] но по откривањето ист ваков примерок во оставата во Асјут, авторите кои ја публикувале ја припишале на Дероните, заради големата блискост на стилот со тетрадрахмата од истата остава којашто има и натпис, и ја датирале во рамките од ок. 500 до 480 г. пр. н.е.[27] Сите останати деронски монети се сместени во периодот по 480 г. пр. н.е., т.е. по повлекувањето на персиските војски од Балканот, при што, досега, не е откриен ваков тип монета ниту во балканските, ниту во источномедитеранските остави, па затоа сметам дека, засега, и за нив би требало да се прифати предложеното датирање од Прајс за високономиналните примероци од типот со трискел на реверсот, односно од 479 до доцните 460-ти/450-ти години пр. н.е.[28] Оваа хронологија особено се однесува на групата монети од типот *клекнато*

18 Gaebler 1897, 292.
19 Svoronos 1919, 20.
20 *HM* 2, 75.
21 Петрова 1991, 51; Петрова 1999, 94.
22 Price 1987, 44.
23 Ок. 1912 г. во Штип (Р Македонија) била откриена остава што содржела најмногу октодрахми од Дероните, чиј точен број е непознат, а примероци од нив се наоѓаат во Њујорк (1), Берлин (1-2), Белград (1), Грција (1) (*IGCH* no. 355; *CHY* no. 13); во 1937 г. во с. Величково, Пазарџик (Бугарија), пронајдена е остава со десет деронски декадрахми, од кои девет се во Софија, а една е во Пазарџик (Gerassimov 1938, 80-84, Герасимов 1955, 576-578; *IGCH* no. 690); во 2003 г. во Врање е откриена најголемата остава на деронски декадрахми и додекадрахми (ок. 95), при што седумдесетина биле веднаш разделени и распродадени, а 25, од кои една е октодрахма на Александар I, се наоѓаат во Музејот во Врање (Митровић 2005, 59-88).
24 Драганов 2000, 53.
25 Иако нискономиналните монети коишто се таму откривани се најмногу без натпис и не можат со сигурност да им се припишат ним, иконографската сличност со оние со поголема вредност, упатува на деронска припадност.
26 Svoronos 1919, 57, 13.
27 Price, Waggoner 1975, 29-30.
28 Price 1987, 45; *cf.* Josifovski 2006, 257, за предложеното датирање на овој тип монети.

*говедо / коринтски шлем во инкузија* (**2 - 11**), бидејќи ист таков примерок[29] бил откриен во гроб во архајска некропола во с. Караорман, Штип во 1959 г., при што останатите гробни прилози се сместени во временската рамка на втората четвртина на V век пр. н.е., со тоа што средината на векот е земена за долна граница.[30] Постојат и вакви монети со натпис ΔΟΚΙ на аверсот, коишто се припишуваат на претпоставениот деронски владетел Доким, па оттаму и анепиграфните, иконографски идентични примероци му се припишани нему,[31] кој, како и Дероните, не е потврден во изворите и останува на ниво на претпоставка. Во оваа група влегуваат и уште два примерока со вредност на трихемиобол, но со претстава на преден дел на говедо на аверсот, наместо цело (**12 - 13**).

Посебна типолошка група што им е припишана на Дероните создаваат примероците со бик и на аверсот и на реверсот (**14 - 15**), односно без претстава на задната страна (**16 - 19**), но и два примерока со стилизиран приказ на бик на предната страна, чија инкузна претстава е и на задната страна (**20 - 21**). Последните два примерока се карактеризираат со многу мала тежина, па според тоа може да се каже дека имаат вредност на обол (**20**), односно хемиобол (**21**). Нивните физички карактеристики оставаат простор да бидат третирани и како псевдопарични форми, чијашто ликовна предлошка веројатно биле аверсните претстави на каталошките примероци со редни броеви 14, 15, 16 и 18.

Иконографијата којашто се јавува на монетоковањето на пајонското племе Дерони, покажува еден вид на говедо или на бик, што сигурно бил карактеристичен за територијата што ја населувало ова племе, па заради тоа и се нашол како претстава на нивните монети. Можеби дури и се работи за истиот оној пајонски бик за кој пишувал патеписецот Павсанија, којшто, како што вели тој, се нарекувал бизон.[32] Инаку, овие пајонски бикови тој ги опишува како влакнести, а особено околу градите и на долната вилица,[33] опис што одговара на претставите на дел од монетите припишани на Дероните во Збирката на НБРМ (**1-13**). Она што е исто така забележливо при анализата на нивните изданија е присуството на цвет (**2-11**) и на ѕвезда (**14-21**), како аверсни симболи. Ѕвездата, којашто се јавува и самостојно и на диск, секако се поврзува со Сонцето, чиј култ бил особено почитуван[34] и во подоцнежниот период се поистоветува со Аполон.[35]

Од останатите племенски монети е значајно да се укаже на двата примерока - диобол и трихемиобол (**24-25**), своевремено припишувани на првата македонска кралска престолнина Ајга,[36] за кои, според поновите истражувања, засновани врз лингвистичките и врз иконографските податоци, К. Лорбер

29 Калапите од кои бил изработен овој примерок се идентични со калапите на примерокот бр. 3 (инв. бр. 2004/4/26) од Збирката на НБРМ.

30 Микулчиќ 1965, 201, сл. 14, 208.

31 Svoronos 1919, 13, Pl. II. 8-11, 15. Доким е назначен и како тракиско-македонски владетел; в. *BMCMac.*, 151, no. 1-5; Gaebler 1935, 144-145, no. 2-7.

32 Pauzanija, X.13.1-3, пишува за бронзената глава на пајонски бизон којашто Дропион му ја посветил на делфиското светилиште, а во продолжение го опишува и начинот на кој се ловеле овие животни.

33 Ibid., IX.21.2.

34 Максим Тирски (Max. Tyr. VIII.8), запишал дека Пајонците го почитувале Сонцето (Хелиј) во форма на диск прицврстен на врвот на долг стап.

35 Срејовиќ, Цермановиќ 1979, 41, 457.

36 *BMCMac.*, 37-8, no. 1-15 (Ајга или Едеса); Gaebler 1935, T.V. 21-32 (Ајга); J. Своронос (Svoronos 1919, 6-7, 21-24, 34-36), своевремено ја отфрлил атрибуцијата на Ајга, сметајќи ги монетите со приказ на коза за изданија на одреден племенски сојуз на Дероните, Лајаите, Граите, но и на Бисалтите.

укажува на тоа дека таквата припадност не би можела да е точна. Синтетизирајќи ги своите сознанија добиени од нумизматичките и од историските информации со метролошките, стилско-типолошките и податоците од оставите што содржат вакви монети, таа убедливо ги припишува како веројатни племенски изданија на Мигдонците или на Крестонците, при што за посоодветна ја смета припадноста кон првите. Хронолошката одредница во која го сместува монетоковањето на ова племе е од ок. 490 до ок. 470 г. пр. н.е., со тоа што смета дека, за разлика од статерите, издвањето на малите номинали започнало пред 490 г. пр. н.е.[37]

Монетоковањето на Ихнаите (**22**) и на Ореските (**26**), во овој каталог, би требало да биде сместено приближно во истата временска група. Притоа, периодот во кој се датирани нивните сребрени трихемиоболи, т.е. од ок. 490 до 480 г. пр. н.е., е утврден врз основа на хронологијата на монетите застапени во оставата во Асјут, коишто им се припишуваат на Ихнаите и на Орескитe.[38] Така, иако станува збор за различни номинали, реверсните прикази на тркало со четири пречници во плиток вдлабнат квадрат и вдлабнат квадрат поделен на четири делови, присутни на трихемиоболите, стилски одговараат на приказите на нивните октодрахми и статери од спомenатата остава.

37 Lorber 2000, 113-133.

38 Price, Waggoner 1975, 29-30, 33; М. Прајс (Price 1974, 40), ок. 490 г. пр. н.е. датира обол на Орескитe; и Д. Драганов (Драганов 2000, 122, 126), во истиот период (ок. 490 - 480 г. пр. н.е.) го сместува монетоковањето на овие две племиња.

# ПАЈОНСКО КРАЛСКО МОНЕТОКОВАЊЕ

По повлекувањето на персиските војски и по освојувањето на пајонските територии во Долна Македонија од страна на Александар I, локалните племиња биле етнички и политички претопени од Македонците и исчезнале од историјата, а на Пајонците им останала територијата на север, населувајќи ги областите по горното и по средното течение на Аксиј, сливовите на Астиб и на Понт, до Стримон на исток, и по долината на Еригон (Црна Река), во Пелагонија и во Девриоп на запад.[39] Во овие територијални рамки, всушност, Пајонците ја создале својата држава, којашто постоела низ целиот IV, па до последните децении на III век пр. н.е., период во кој се смениле неколку владетели од кралската династија.

Агид е првиот пајонски крал кој е потврден во литерарните извори,[40] но за жал до сега не се познати изданија на монети што би се поврзале со него. Така, официјалното кралско пајонско монетоковање се појавило пред средината на IV век пр. н.е., меѓутоа покрај ова, постојат и наоди на пари на неколку локални владетели за кои се претпоставува дека се од пајонска провиниенција. Станува збор за владетелите познати само од монетите што го носат нивното име, како што се Бастареј,[41] Никарх,[42] Симон,[43] Диплај,[44] Тевтамад,[45] кои владееле во текот на IV век пр. н.е.[46] Кон оваа група владетели се приклучува и Тевтај, кој хронолошки стои пред сите кралеви, и фактографски потврдени и претпоставени, а чиј уникатен сребрен диобол (**27**) е дел од Пајонската збирка на НБРМ.

Иако Тевтај (ок. 400 - ок. 380/70 г. пр. н.е.) не е забележан во пишуваните извори, сепак, тргнувајќи од правилото дека малите номинали циркулираат локално, местото на откривањето на неговата монета, с. Корешница, Демир Капија - потврдена пајонска територија, ги навело авторите В. Лилчиќ и П. Јосифовски да го сметаат за претставник на пајонската кралска куќа, а според типот на кантаросот во вдлабнат квадрат на задната страна, неговото владеење го сместуваат во третата четвртина на V век пр. н.е.[47] Од друга страна, Е. Петрова смета дека неговото владеење треба да се спушти до првите децении на IV век пр. н.е., заради присуството на вдлабнатиот квадрат, којшто е карактеристичен за монетите од овој регион до седумдесетите години на IV век пр. н.е.[48]

39 Merker 1965, 41; Петрова 1991, 41-50, Петрова 1999, 67-71. Овие територии биле потврдени како пајонски и според културата на погребување во протоисторискиот и во архајскиот период, в. Митревски 1997, 202-205.
40 Diodorus, XVI.4.2.
41 Познати се три тетрадрахми, в. Muret 1881, 329-331 (12,71 г); Gaebler 1935, 147, no. 16 и заб. (11,70 и 13,15 г ).
42 Една тетрадрахма, в. Muret 1882, 211 (13,25 г).
43 Една тетрадрахма, в. May 1939, 189, Pl. IX.A (13,60 г).
44 Две тетрадрахми, в. Юрукова 1970, 277-281 (12,31 и 12,40 г).
45 Познат од две тетрадрахми. За првиот примерок (13,32 г) Т. Герасимов (Герасимов 1964, 249-251), сметал дека се работи за модерен фалсификат, а заради нецелосниот натпис (ΤΕΥ[ΤΑ]...), името го поврзал со илирското Тевтамес; А. Рогалски (Рогалски 1969, 77-82), аргументирано ја докажал автентичноста; А. Јовановиќ (Јовановић 1989, 41-44), не се сомнева во оригиналноста, но го предложил името Тевтијас. Појавата на вториот примерок (13.45 г) на аукцијата на Ткалец во Цирих (Tkalec 2005, lot. 45), ја откри целосната инскрипција (ΤΕΥΤΑΜΑΔΟ) и коректното име (Тевтамад) на сопственикот на монетата; в. и Kretz 2006, 259-264; Павловска (необјавено).
46 В. Соколовска (Соколовска 1990, 9-34; Sokolovska 1996, 13-22), смета дека Симон, Никарх и Диплај се претставници на кралската династија на Агријаните.
47 Лилчиќ, Јосифовски 1994, 27-37.
48 Петрова 1999, 98.

Иако кантарос со идентична форма како оној од реверсната претстава на Тевтај не е откриен на Атинската Агора, за типот што му е најблизок нему (на висока нога и со високи рачки) е потврдено дека се употребувал таму од крајот на втората четвртина до крајот на третата четвртина на V век пр. н.е., а самата форма исчезнала пред крајот на векот,[49] што оди во прилог на пораното датирање на владеењето на овој владетел. Откривањето, пак, на речиси идентичен бронзен кантарос во Европос (Северна Грција), датиран во крајот на IV век пр. н.е.,[50] веднаш би требало да биде отфрлен како можност за спуштање на временската граница заради долготрајноста на металните садови, што може да наведе на погрешна хронолошка интерпретација.

Од друга страна пак, генитивната форма во која е предадено името на владетелот, наместо со дифтонгот *-ου*, завршува со *-ο*, карактеристично за пишувањето во атичкиот дијалект до крајот на V век пр. н.е.,[50а] но заради локалниот карактер на оваа монета, веројатно, станува збор за архаизирана графија, којашто не е непозната на пајонскиот простор, па се забележува кај Ликеј,[51] но и кај претпоставените пајонски кралеви Тевтамад[52] и Диплај.[53] За докажувањето на пајонската припадност на Тевтај може да се земе и етимологијата на неговото име, коешто во себе го содржи индоевропскиот корен **teuta-*, од кој во Македонија и во Пајонија се посведочени кралски имиња кои биле особено популарни во доцнокласичниот и во ранохеленистичкиот период.[54]

Наведените показатели дополнително ја наметнуваат претпоставената пајонска провиниенција на Тевтај, со тоа што изведените стилско-типолошки и лингвистички анализи дозволуваат неговото владеење хронолошки да се смести во периодот пред владеењето на Агид. Односно, од крајот на V до 70-тите години на IV век пр. н.е., со тоа што присуството на вдлабнатиот квадрат, што е карактеристичен за монетите до почетокот на класичниот период, треба да се искористи за дефинирање на *terminus ante quem*.

Кога, во 359/8 г. пр. н.е., дознал дека кралот Агид умрел, Филип II (359 - 336 г. пр. н.е.) го искористил моментот да ја нападне и да ја порази Пајонија, па таа била принудена да ја признае македонската власт.[55] По смртта на Агид, на пајонскиот престол дошол Ликеј (359/8 - ок. 340/35 г. пр. н.е.). Тој, во летото 356 г. пр. н.е., заедно со кралевите на Тракија и на Илирија, Кетрипор и Граб, се наоѓал во антимакедонски сојуз, предводен од Атина,[56] но, не се знае каков бил исходот за Пајонија, иако е извесно дека и десетина години подоцна, Пајонците не успеале да се ослободат од македонската зависност, како што се дознава од античките автори.[57]

49 *Agora XII*, 115, pl. 27, no. 632.
50 Σαββόπουλου 1998, 399, сл. 13.
50а За податокот му благодарам на асс. м-р Војислав Саракински, Институт за Историја, Филозофски факултет - Скопје.
51 Six 1875, 22-23, Pl. I. 2.
52 Tkalec 2005, lot. 45.
53 Юрукова 1970, 277-278.
54 Obradović 2002, 211-218.
55 Diodorus, XVI.1-2, 4.2
56 Ibid., XVI.22.3; *I.G.* $II^2$ 127.
57 Демостен (Demosthenes, *Olynth.*, I.23), во 349 г. пр.н.е. и Исократ (Isocrates, *Phil.*, V.21), во 346 г., зборуваат за наметнатото ропство врз Пајонците од страна на Филип II.

Сепак, Пајонија успеала да го задржи својот идентитет, управувана од сопствен крал, кој издавал и свои пари, што покажува дека во времето на Ликеј, таа веројатно не била приклучена кон Македонија, туку се наоѓала во вазален однос.[58] Всушност, Ликеј е првиот пајонски владетел потврден во изворите, кој емитувал свои монети, ковани од сребро според пајонскиот тежински стандард, којшто е локален и се карактеризира со редуцирана тежина на основните номинали, во споредба со атичкиот, и притоа, тој издавал тетрадрахми (**28** - **34**), драхми и тетроболи (**35** - **39**). Така, тежината на тетрадрахмите коишто ги продуцирал достигнувала околу 13 г, многу ретко доаѓајќи до најниската граница, т.е. малку повеќе од 12 г, па оттука драхмите тежеле околу три, а тетроболите околу два грама. Како аверсна иконографија на дел од тетрадрахмите е прикажан машки лик кој може да се идентификува со богот Аполон (**28** - **30**), а на дел со врховниот, Ѕевс (**31** - **34**), но постојат и такви кои наликуваат на портрети на самиот крал, додека на реверсот секогаш е присутен приказот на борбата на херојот Херакле со немејскиот лав. На драхмите, освен женски лик, најчесто е присутен Аполон, кој е застапен и на тетроболите (**35** - **36**), покрај ликот на владетелот (**37** - **38**), како претстава на предната страна, додека на задната тоа е лав - на драхмите, односно коњ - на тетроболите.[59]

За жал, во Пајонската збирка на НБРМ не е застапен ниту еден примерок на драхмите издавани од Ликеј, но во неа е присутен еден тип тетробол со невообичаена и, засега, единствена иконографија на обете страни (**39**). Имено, станува збор за монета на чиј аверс се наоѓа лав, а на реверсот волк, и за која е пишувано во неколку наврати.[60]

Прикажувањето на лавот, којшто не е непознат за монетите на Ликеј, за прв пат се среќава на тетробол, но и како аверсна претстава. Присуството на волкот на задната страна, исто така, предизвикува внимание со своето единствено прикажување на монета на пајонски владетел, и би можел да се поврзе со Аполон, кој бил почитуван во Пајонија, а покрај многуте епитети, се нарекувал и Аполон Ликеј (Λύκειος - волчи).[61] Од друга страна, пак, присуството на претставата на волк (λύκος) се објаснува преку етимолошката врска со името на Ликеј (Λύκκειος), како што смета Е. Петрова.[62] Меѓутоа, кај овој тетробол е интересно и тоа што името на кралот е предадено со кратенката ΛΥΠΠ, којашто упатува на формата Липеј (Λύππειος) за неговото име, што не е посведочена на ниедна друга негова монета, освен на инскрипцијата откриена во Атина, во врска со сојузот против Македонија.[63] Инаку, за првобитна форма на името на овој крал се смета Ликпеј (Λύκπειος),[64] па за да ја доближат до хеленската ортографија, а можеби и за да се доближи името до епитетот

58 Merker 1965, 44.
59 За основните типови пари емитувани од Ликеј в. Gaebler 1935, 199-201, T.XXXVII.1-14.
60 Петрова, Лилчиќ 1997, 4-9; Петрова 1999, 101-103; Petrova 2001, 19.
61 Петрова, Лилчиќ 1997, 8; Петрова 1999, 101-103; в. и Срејовић, Цермановић 1979, 38-42.
62 Петрова, Лилчиќ 1997, 8; Петрова 1999, 101-103; Petrova 2001, 19; в. и Merker 1965, 39.
63 *I.G.* II$^2$ 127.
64 Кацаров 1921, 47, заб. бр. 33.

Ликеј (Λύκειος) на Аполон, во Пајонија *π* се заменила со *κ*.[65] Веројатно е дека така настанала формата Ликеј, којашто ни е позната од монетите, додека оригиналната е многу ретка и веројатно е карактеристична за изданијата од почетокот на неговото владеење, што е поткрепено и со архаизираната графија на генитивот што завршува на *-о*.

За неговиот наследник Патрај (ок. 340/35 - ок. 315 г. пр. н.е.), кој бил и современик на Александар Македонски (336 - 323 г. пр. н.е.), не се знае речиси ништо. Неговото име се појавува на инскрипција како патроним до името на Авдолеонт,[66] а се наоѓа и на бројните примероци сребрени монети, коишто се најсилната потврда за неговото постоење. Пајонија, веројатно и на почетокот на неговото владеење, останала вазално кралство и при Александровиот поход на исток, Пајонците со својата лесна коњаница, биле дел од македонската војска.[67] Тогаш, пред битката кај Гавгамела во 331 г. пр. н.е., особено се истакнал Аристон, водачот на пајонската коњаница, кој го поразил Сатропат, началникот на персиската.[68] Токму за оваа победа се смета дека била инспирација за реверсната претстава на неговите тетрадрахми.[69] Според облеката на хоплитот на дел од тетрадрахмите, ваквата претпоставка би можела и да е точна, но на поголемиот број од нив тој се брани со македонски штит, чија појава сепак испраќа одредена порака. За ова не постои директно историско објаснување, но, од литерарните извори се дознава дека по смртта на Александар Македонски, во 323 г. пр. н.е., во Европа бил поставен Антипатар, кој бил назначен за стратег автократор на сите Македонци, Хелени, Илири, Трибали, Агријани и на народот на Епир.[70] Пајонците не се споменуваат, а тоа веројатно значело дека Пајонија повторно ја стекнала својата автономија,[71] па оттука и коњаникот кој гази војник на овие тетрадрахми, првобитно настанати како величање на друга победа, подоцна со вметнувањето на македонскиот штит можеби го објавува токму оттргнувањето од македонскиот суверенитет. Според ова, и продукцијата на оваа варијанта на тетрадрахмите треба временски да се постави по 323 г. пр. н.е.

Инаку, Патрај продолжил да кова пари во пајонски стандард, како и неговиот претходник, произведувајќи во сребро бројни серии на тетрадрахми (**40 - 44**), драхми (**45 - 61**) и на тетроболи (**62 - 80**). Освен веќе споменатиот тип тетрадрахми со реверсен приказ на коњаник кој со копје прободува паднат непријател и претстава на машка глава со карактеристики на Аполон на аверсот, на кој му припаѓаат и сите примероци коишто се чуваат во Збирката на НБРМ, постоеле и примероци со истата реверсна иконографија, но и со ликот на самиот крал на аверсот. Меѓутоа, Патрај издавал и друг, мошне редок тип тетрадрахми, со ликот на Аполон како аверсна претстава и коњска глава, како реверсна,

65 Six 1875, 22.
66 *I.G.* II$^2$ 654.
67 Аријан, I.14, 18, II.7, 9, III.8, 12-13.
68 К. К. Руф, IV.9.25; Plutarch, *Alex.* 39.
69 Gaebler 1935, 202; Merker 1965, 45.
70 Dexipp., fr. 1b, 3R (=Phot. Bibl. cod. 82), Arr. (succ. fr.1a): според Papazoglu 1969, 416.
71 Merker 1965, 46; Е. Петрова (Петрова 1999, 17), смета дека неспомнувањето на Пајонците значело дека Пајонија била составен дел од Македонија; според Н. Проева (Проева 1997, 45 - 46), Пајонија била целосно освоена уште од времето на Филип II.

којшто изгледа бил кован кратко време. Иконографијата што е присутна и на дел од драхмите на предната страна повторно го портретира кралот (**45 - 58**), а на дел Аполон (**59**), но се јавува и машки лик кој не може да се идентификува (**60 - 61**),[72] додека на задната, секогаш е претставен преден дел од дива свиња. И на тетроболите се повторуваат ликовите на кралот (**62 - 75**), на Аполон (**76**), како и машки лик што наликува на овој бог (**77 - 80**), како аверсна претстава, а на реверсот секогаш е прикажан орел со склопени крила.[73] Инаку, во IV век пр. н.е. била карактеристична појавата на фалсификување на неговите тетрадрахми од страна на варварските племиња населени на териториите северно и североисточно од Пајонија. Во Пајонската збирка на НБРМ не постојат такви примероци, но затоа има еден тетробол (**69**), којшто според своите стилски карактеристики и квалитет, наликува на варваризат.

Инаку, од иконографијата на монетите, воочливо е дека кај првите двајца кралеви, Ликеј и Патрај, било доминантно почитувањето на богот Аполон. Култот кон овој бог кај Пајонците влече корени од минатото, кога бил почитуван како бог на Сонцето, односно Хелиј во *interpretatio Graeca*, со кој се поистоветил.[74] Преку Сонцето, Аполон е и бог на исцелувањето,[75] кој се нарекувал Пајон.[76] Во Пиндаровиот пајан *За Абдериците*, Аполон се јавува со епитет Дерајн (Δήραινος),[77] термин што има допирни точки со Дероните, со кои пак се врзува и терминот Деронај (Δερρωναῖος). Овој назив се среќава на предната страна на тетрадрахма на Ликеј, покрај ликот на Аполон,[78] кој според Г. Х. Мекарди, означува име на божество, коешто добило етничка придавка, во овој случај поврзана со Дероните.[79] Сето ова јасно го покажува континуитетот во почитувањето на соларниот култ, но и поврзноста на Пајонците и пајонската кралска династија со Дероните.

За време на владеењето на наследникот на Патрај, Авдолеонт (ок. 315 - ок. 285/4 г. пр. н.е.), Пајонија била независно кралство, коешто се наоѓало во добри односи со својот јужен сосед Македонија, така што во 310/309 г. пр. н.е. од Касандар, претендентот за македонскиот престол, побарал и добил помош во одбраната од Автаријатите.[80] Авдолеонт бил способен владетел кој го искористил турбулентниот период во Македонското Кралство и борбите околу наследувањето на престолот, така што успеал да ја зајакне и да ја стабилизира Пајонија. Така, ок. 306/5 г. пр. н.е., откако и дијадосите на Александар се прогласиле за басилеи, т.е. кралеви,[81], и тој, го сторил истото, истакнувајќи ја на тој начин независноста на сопствената држава и покажувајќи дека и тој е крал.[82] Авдолеонт се стремел да гради добри односи со своите соседи, што се гледа и од чинот на мажењето на неговата ќерка со епирскиот крал

72 В. Соколовска (Соколовска 1975, 188, Т. III, 7), објавува драхма на Патрај од типот на кат. бр. 60, откриена при ископувањата на некрополата во Демир Капија во 1969 г.; В. Б. Грозданова (Битракова-Грозданова 1987, 83), претставениот лик на аверсот го идентификува како Херакле.
73 За основните типови на пари емитувани од Патрај, в. Gaebler 1935, 201-203, 1-12, Т. XXXIV.15-26.
74 Срејовић, Цермановић 1979, 41, 457; в. и Max. Tyr. VIII.8.
75 Срејовић, Цермановић 1979, 41.
76 Г. Х. Мекарди (Macurdy 1925, 98-101, Macurdy 1930, 297-303), Пајон го поврзува со Пајонците, како етничка придавка на нивниот бог Исцелител, било да е тоа Сонцето, Аполон или Асклепиј; в. и Срејовић, Цермановић 1979, 324. Пајан, пак, е и термин за песна поврзана со Аполон.
77 Πίνδαρος, Παιάνες 2: ᾿Αβδηρίταις, 5: според *ИИТТ* I, 76.
78 Gaebler 1935, 199, no. 4.
79 Macurdy 1930, 298.
80 Диодор, XX. 19.1.
81 Антигон Монофталм и Деметриј Полиоркет се првите кои ја зеле титулата *басилеј* по победата кај Саламина во 307/6 г. пр. н.е., в. Диодор, XX. 53.2.
82 На натпис од Атинската Агора стои со оваа титула (*I.G.* II$^2$ 654).

Пир,[83] а пријателски односи одржувал и со Атина. Имено, за време на опсадата на нејзиното најголемо пристаниште Пиреј, од страна на гарнизонот на Деметриј I Полиоркет (294 - 288/7 г. пр. н.е.),[84] покрај другите кралеви и тој помогнал, снабдувајќи ја Атина со жито и организирајќи го неговиот транспорт. Заради ова, во 285/4 г. пр. н.е. бил донесен почесен декрет, со што се стекнал со атинско граѓанско право, а било одлучено и да му се подигне бронзена коњаничка статуа на Агората.[85]

Значајна карактеристика во монетоковањето на Авдолеонт е постоењето на два тежински стандарда - пајонскиот и атичкиот. Имено во пајонскиот стандард продолжил да ги продуцира истите вредности во сребро како и неговите двајца претходници - тетрадрахми, драхми и тетроболи додавајќи и една нова номинала - дидрахма. Воведувањето на новиот, атички стандард се случило по 306/5 г. пр. н.е., кога започнал да емитува една ретка серија на тетрадрахми од типот на Александровите, т.е. со Херакле во лавовска кожа на аверсот и Ѕевс на престол, со орел и скептар, на реверсот. Тука, покрај своето име ја додал и титулата *басилеј*.[86] Во Збирката на НБРМ се чуваат само монети ковани во локалниот, пајонски стандард, при што застапени се сите номинали коишто ги издавал, т.е. тетрадрахми (**81 - 83**), драхми (**84 - 101**) и тетроболи (**102 - 114**), со исклучок на дидрахмите. Аверсната иконографија којашто го покажува ликот на божицата Атена во анфас е иста за тетрадрахмите, драхмите и тетроболите, а нејзиниот лик во профил е присутен на дидрахмите, додека пак, реверсната слика е приказ на коњ во од, на тетрадрахмите, дидрахмите и драхмите, а кај тетроболите е претставен само неговиот преден дел. Авдолеонт издавал и еден тип тетроболи коишто се поретки и освен вообичаениот реверс, на аверсот го имаат ликот на богот Дионис. Тој ковал и тип на драхми, коишто го прикажуваат ликот на владетелот на предната страна, а преден дел од дива свиња на задната, претстава карактеристична за драхмите на неговиот татко Патрај, па затоа се смета дека тој ги ковал овие ретки изданија на почетокот на своето стапување на пајонскиот престол.[87] Пајонската збирка на НБРМ поседува еден ваков примерок на драхма (**84**), којшто според стилските кракteristики на аверсната претстава наликува на варваризат.

Во Пајонското Кралство, по смртта на Авдолеонт, изгледа настанале извесни проблеми околу наследувањето на престолот. Тогаш, Лисимах, кој откако се прогласил за крал во Македонија (285/4 г. пр. н.е.), а имал претензии и кон Пајонија, му помогнал на неговиот син и легитимен наследник Аристон да се врати во Кралството, како што тврди Полиајн, меѓутоа, за време на неговото церемонијално кралско капење во р. Астиб, Лисимах нападнал и ја зазел Пајонија, додека Аристон избегал

83 Plutarch, *Pyrr.* 9.1.

84 Пиреј и атичките тврдини му биле препуштени на синот на Деметриј, Антигон Гоната (*I.G.* II$^2$ 657); в. и Shear 1978, 88; 14, заб. 23; 99 (хронолошка табела) околу датирањето на побуната на Атина пролетта 286 г. пр. н.е. и нејзината опсада летото 286 г. пр. н.е; спореди и во *HM* 3, 230.

85 *I.G.* II$^2$ 654, 655, во време на атинскиот архонт Диотим (285/4 г. пр.н.е.).

86 Според Н. Вагонер (Waggoner 1982, 99-102; Waggoner 1983, 5-21), овие тетрадрахми со името на Авдолеонт биле ковани во Пајонија, каде што исто така биле ковани и постхумни тетрадрахми во името на Александар Македонски; една тетрадрахма на Авдолеонт од Александров тип била откриена во оставата од с. Прилепец, Прилеп, денес во Музејот на Македонија во Скопје, в. Вучковић-Тодоровић 1975, 85-88, Т.II.6.

87 Петрова 1999, 106; за сите типови и номинални вредности на Авдолеонт, в. Gaebler 1935, 203-205, T.XXXVIII.1-13.

кај Дарданците.[88] Пајонија останала како дел од Кралството на Лисимах до неговото загинување, во 281 г. пр. н.е. Набрзо потоа, во 280/79 г. пр. н.е., се случила и познатата инвазија на Галите, кои во големи орди тргнале од Средното Подунавје кон југ, прегазувајќи ги Пајонија и Македонија.[89]

По повлекувањето на Галите, Пајонија изгледа успеала да се извлече и да се стабилизира, благодарение на Леонт (ок. 278/7 - ок. 250 ? г. пр. н.е.), веројатно помладиот син на Авдолеонт, кој како и неговиот татко, мора да бил конструктивен и способен владетел, бидејќи успеал да го спаси и да го обнови кралството, по еден, навистина, многу тежок период. За него, повторно, не се знае речиси ништо и освен што неговото име се јавува како патроним до името на Дропион, на инскрипции во хеленските светилишта во Делфи и во Олимпија,[90] се појавува секако и на неговите пари, коишто за разлика од неговите претходници, ги издавал само во бронза. Имено, по галската инвазија, Кралството било навистина осиромашено и во лоша економска состојба, па затоа и бронзените монети коишто ги продуцирал Леонт се исклучително ретки, од кои Пајонската збирка на НБРМ поседува десет примероци. Од ликовните претстави, кои се јавуваат на аверсот, секогаш е претставен Дионис, кој само се надоврзува на сребрените тетроболи издавани од Авдолеонт со ликот на овој бог, а реверсот открива претстава на лав, прикажан или целосно (**115-117**),[91] или само неговиот преден дел (**118-124**). Иконографската и метролошката анализа на овие монети упатува на постоење на две различни номинални вредности. Имено, групата монети со претстава на цела фигура на лав има поголема тежина (просек: ок. 7,60 г), за разлика од онаа со претстава на половина, којашто е помала (просек: ок. 3,70 г). Инаку, до името на Леонт, на задната страна од неговите пари, секогаш е присутна и титулата *басилеј*.

Наследник на Леонт, а воедно и последен пајонски крал, бил неговиот син Дропион (ок. 250 - ок. 230 г. пр. н.е.). Тој е познат по подигнувањето споменици во двете најголеми и најпознати хеленски светилишта во Делфи и во Олимпија. Така, на светилиштето во Делфи му посветил бронзена глава на пајонски бик, наречен бизон, како што запишал грчкиот патеписец Павсанија,[92] а таму се наоѓала и статуата којашто Дропион му ја подигнал на Леонт,[93] односно Авдолеонт,[94] во зависност од читањето на текстот на постаментот.[95] Посветата, пак, на коњаничката статуа на Дропион, којашто се наоѓала во Олимпија, открила интересен податок за овој крал. Имено, се дознава дека тој бил основач на Сојузот (Којнон) на Пајонците, којшто му го подигнал споменикот.[96]

И од Дропион, како и од неговиот татко, познати се само бронзени парични изданија,[97] коишто чинат речиси половина

88 Polyaenus, IV, 12. 3: според Papazoglu 1969, 427.
89 Livy, XXXVIII.16; Pauzanija, X.19.7.
90 Pouilloux 1950, 24, fig. 4 (Олимпија); Pauzanija, X.13.1 и Pouilloux 1950, 22, Bousquet 1952, 138 (Делфи).
91 Овој тип пред помалку од десет години беше сосема непознат.
92 Pauzanija, X.13.1.
93 Pouilloux 1950, 22-32.
94 Bousquet 1952, 136-140.
95 За поприфатливо се смета читањето на Буске (Bousquet 1952, 136-140), в. Merker 1965, 51; Битракова-Грозданова 1987, 22, заб. 56; Петрова 1991, 25, заб. 76, Петрова 1999, 21, заб. 76.
96 Pouilloux 1950, 24, fig. 4.
97 Б. Хед (Head 1911, 237-238), прв ги припишал овие монети на Дропион; в. и Gaebler 1935, 206, (Добер); Битракова-Грозданова 1987, 86-87; Šeldarov, Lilčić 1992, 7-11 (Добер); Петрова 1991, 56, Петрова 1999, 107-112, Petrova 2001, 22-25 (Дропион); Josifovski 2000, 15-28 (монети со натпис ΠΑΙΟΝΩΝ).

од Пајонската збирка на НБРМ. Потеклото на најголемиот дел од овие монети од околината на Кавадарци и посебно од с. Дреново (ант. Еврист / Авдарист),[98] ја наведува можноста за постоење на ковнички центар токму на ова место.[99] Според аверсната иконографија, се јавуваат во три типови, при што за сите е карактеристична истата претстава на задната страна - крилеста молња, легенда ΠΑΙΟΝΩΝ и монограм Δ. Најбројни се примероците со приказ на богот Ѕевс (**125 - 218**), а потоа следуваат оние со коринтски шлем (**220 - 221**). Меѓутоа во Збирката постои и еден, досега непознат примерок, на чиј аверс за прв пат се појавува машки лик, којшто би можел да го портретира самиот крал (**219**). Оваа монета всушност открива постење и на трет тип на бронзените парични изданија на Дропион. На монетите на Дропион, покрај споменатата легенда, забележливо е и предавањето на неговото име во форма на монограм, карактеристично за III век пр. н.е., веројатно со цел да се истакне постоењето на Сојузот на Пајонците.

По смртта на Дропион изгледа се случил и крајот на Пајонското Кралство како политички ентитет, со што Пајонија станала територија од интерес и на Македонија и на Дарданија.[100] Во 217 г. пр. н.е., македонскиот крал Филип V (221-179 г.пр.н.е.), со освојувањето на најголемиот пајонски град Билаѕора[101] (с. Кнежје, Св. Николе),[102] ја присоединил кон Македонија, зацврстувајќи ги северните граници на своето кралство и осигурувајќи го од Дарданците. За локален наместник во Пајонија бил поставен кралскиот офицер, Пајонецот Дида.[103] Сепак, конечното исчезнување на Пајонија од историската сцена се случило по освојувањето на Римјаните во 168 г. пр. н.е. и по административната поделба на Македонија на четири области. Територијата на Пајонија била исто така разделена, притоа влегувајќи во втората, третата и во четвртата македонска мерида,[104] со што всушност била уништена и како географско-етнички поим.

98 Папазоглу 1957, 243-244 (Еврист); Микулчиќ 1999, 157 (Еврист / Ев- / Авдарист).
99 Микулчиќ 1999, 146; в. и Josifovski 2000, 18.
100 Скопско-кумановскиот регион влегол во рамките на Дарданија уште по галската инвазија, в. Микулчиќ 1999, 129.
101 Полибије, V.97.
102 Микулчиќ 1999, 150.
103 Livy, XL.21, XLII.51.
104 Папазоглу 1957, 58-63; в. и Livy, XLV.29

# МОНЕТОКОВАЊЕТО ВО ПАЈОНСКОТО СОСЕДСТВО: ДАМАСТИЈ И ПЕЛАГИЈА

Еден дел од Пајонската збирка на НБРМ го сочинуваат и паричните изданија на градовите Дамастиј (**222 - 235**) и на Пелагија (**236 - 238**), чија местоположба не е со сигурност потврдена, но веројатно е дека се наоѓале во соседството на Пајонија.

За Дамастиј постојат податоци и во литерарните извори, коишто сепак се недоволни за да се дознае неговата локација. Така, Страбон двапати го спомнува во својата *Географија*, каде што запишал дека во Илирија, во задднината на Аполонија и на Епидамнос, се наоѓал Дамастиј и неговите рудници на сребро, а го основале протераните жители на Ајгина и на Менде.[105]

Ковницата во овој град работела долг временски период, од ок. 395 - ок. 325/320 г. пр. н.е.,[106] кога произвела значајна количина сребрени пари со три номинални вредности - тетрадрахми, драхми и тетроболи. Ликот на богот Аполон се јавува на предната страна и кај тетрадрахмите (**222**) и кај тетроболите (**223 - 224**, **231 - 235**), на чии реверси секогаш има претстава на триножец - кај првите, односно триножец или рударска алатка, кај вторите. Но, некогаш наместо Аполон, може да се појави и ликот на Дионис (?) на аверсот на тетрадрахмите (**226**). Ликовните претстави, пак, на драхмите покажуваат женски лик на предната страна и ингот на задната (**225**, **227 - 230**).

Од стилско-иконографските и метролошките особености на монетоковањето, видливи се две фази на влијанија во продукцијата на оваа ковница. Така, начинот на прикажување на ликот на Аполон открива дека за почетоците е карактеристично влијанието коешто доаѓало од егејскиот брег, особено од Олинт и од Халкидичката лига.[107] Во подоцнежниот период, пак, иконографските особености, но и редуцирањето на тежинскиот стандард, го доближуваат до пајонскиот паричен круг.[108]

Оттука, нема сомнеж дека локацијата и рудниците на Дамастиј се наоѓале во соседството на Пајонија, како што своевремено истакнал Меј, сместувајќи го на територијата којашто на запад граничела со Дасаретите и со Црн Дрим, а на север и на исток со Дарданија и со Пајонија.[109] Според поновите истражувања на различи автори, пак, се нудат различни претпоставки за местоположбата, но сепак доминираат мислењата дека градот треба да се бара на територијата на Косово.[110]

105 Strabo, VII.7.8; VIII.6.16: според Mayer 1957, 105.
106 Џ. Меј (May 1939, 46-163), ја направил временската класификација на монетоковањето и го поделил во десет групи.
107 May 1939, 17-19, 45.
108 Ibid, 107, 162.
109 Ibid, 28.
110 В. Соколовска (Соколовска 1990, 23, Sokolovska 1996, 16-17), Дамастиј го идентификува на местото на римскиот муникипиј кај Сочаница во Косово, односно на некогашната агријанска територија. Д. Ујес и К. Ромиќ (Ујес, Ромић 1996, 77-98), по анализата на дисперзијата на поединечни наоди и остави со дамастијски пари, како и според лежиштата на руда, ја сметаат областа на денешно Косово за најсоодветна, в. и Ujes 2002, 103-129; Е. Петрова (Петрова 1991, 61, Петрова 1999, 117), ја посочува истата територија.

Монетоковањето на Дамастиј е во тесна врска со ковањето пари на Пелагија, градот единствено познат токму од своите монетни изданија. Монетоковничките почетоци на Пелагија датираат од ок. 360 г. пр. н.е., кога настанал еден уникатен тип на тетрадрахма - *їлава на Айолон / ПЕЛАГІТАОN околу македонски шшиш*. Набрзо потоа потпаднала под влијанието на Дамастиј, и тоа траело сѐ до ок. 325/320 г. пр. н.е., кога неговата ковница била затворена. Продукцијата на пари на Пелагија продожила до ок. 280 г. пр. н.е., кога заради галската инвазија била прекината. Така, биле издавани и тетрадрахми или со машки, или со ликот на Аполон, на предната, и триножец, на задната страна. Откако локалните и неуки мајстори ја презеле работата во ковницата, тие го смениле постоечкиот дизајн на парите, така што претставата на триножец станала нереална (**236 - 237**). Биле издавани и драхми со женски лик, на аверсот, а ингот, на реверсот, како и тетроболи со претстава на Аполон на предната, односно триножец, на задната страна. Во последните две децении на своето работење, ковницата Пелагија произвела една емисија којашто се одликува со крајно варваризиран стил и редуцирана тежина. Тука се јавува ликот на Херакле со лавовска кожа и рогови на аверсот, додека на реверсот останал триножецот (**238**).[111]

Бидејќи, и во овој случај, пишуваните извори не оставиле никакви податоци, лоцирањето на Пелагија, исто така, се сведува на претпоставка, но според паричната иконографија, би требало да биде во близината на Дамастиј, а со тоа и во соседството на Пајонија. Така, според Меј, неговата местоположба треба да се бара северно од скопскиот регион, недалеку од границите со Дарданија,[112] додека повеќето истражувачи во врска со оваа проблематика се согласни дека територијата на Полог е најсоодветна за лоцирањето на Пелагија.[113]

111 За хронологијата и монетоковањето на Пелагија, в. May 1939, 169-188.
112 May 1939, 169.
113 *НМ* 2, 669; В. Соколовска (Соколовска 1990, 29; Sokolovska 1996, 17), и Пелагија го смета за агријански град; Петрова1991, 61, Петрова 1999, 118.

# INTRODUCTION

The ancient Paeonian population that existed in the south part of the Balkan Peninsula, inhabited the vast geographic area which today enters within the territory of Bulgaria and Greece, but a part of this historical region comprises the territory of Republic of Macedonia, as well. Regretfully, Paeonia and its inhabitants were very little and rarely written about in the ancient past. They were mentioned by the ancient authors sporadically, and it was usually related to certain historical events which involved the Paeonians. So, beginning with Homer in the VIII century BC, the data about Paeonia and Paeonians could be further evidenced in the writings of later authors such as Thucydides, Polybius, Strabo, Livy, Justin etc., but also in the epigraphic sources, which are, however, still insufficient to complete the reconstruction of the Paeonian past. Thus, the numismatic sources i.e coins issued by the Paeonian tribal communities and later, the kings, represent one of the most important and authentic sources of information on the social, political, economic and religious life of the Paeonians.

The scholarly interest about the Paeonian numismatics came into existence already at the end of the XIX century, but more serious studies on this subject started in the beginning of the XX century and further expanded in the second half of the last century. Most often, these studies represented catalogues of the Paeonian tribal and regal coins from certain collection, as well as articles which discussed certain aspects of the Paeonian coinage. In this context, it is important to mention the earliest scholarly works that catalogued this coins - Barclay Head's (B. V. Head, *British Museum Catalogue of Greek Coins: Macedonia, etc*. London 1879), Nikola Moushmov's (Н. Мушмов *Античнитѣ монети на Балканския полуостровъ и монетитѣ на българскитѣ царе*, София 1912), and also Hugo Gaebler's (H. Gaebler, *Die Antiken Münzen Nord-Griechenlands*, Band III: *Makedonia und Paionia*. Berlin 1935); yet a very significant work is that of Ioannis Svoronos (J. N. Svoronos, *L'hellénisme primitif de la Macédoine prouvé par la Numismatique et l'or du Pangée*. Paris 1919), which is focused only on the Paeonian tribes and their coinage.

Presently, Paeonian history is still not well understood, and the study of Paeonian coinage continues to provoke the scholarly excitement. This is precisely why in the process of collecting the

numismatic artifacts in the Numismatic Collection of NBRM, a primary interest has been paid particularly to these coin issues, which are indigenous and oldest minted in this region. Their analysis and study could contribute to the knowledge of the obscure Paeonian past and also to a part of the oldest history of the Republic of Macedonia.

Although each of the coins included in the Collection, represents rare and exclusive specimen, there are several of them which deserve a particular attention. In this context, I would like to mention the anepigraphic coins of the Derrones of a lower denominational value (**1-21**), found on the east from the Vardar River, in the region of Bregalnica River. i.e in the area that was once an eastern Paeonia. Their circulation in this area gives additional confirmation for the supposed area of the autochtonous territory of this Paeonian tribe, which is not mentioned in the primary sources. However, the ancient historiography noted the existence of the Paeonian tribe Laeaei, but the silver coins which they issued are very rare, and one of the several known specimens of this kind, belongs to the Collection of NBRM (**23**). Ancient writers did not record anything about the reign of the supposed Paeonian ruler Teutaos (c.400 - c.380/70 BC), but his unique silver diobol (**27**), is a strongest confirmation for his rulership. Next in the line is the tetrobol (**39**) minted by the historiographically confirmed Paeonian king Lycceius (c.359/8-340/35 BC), whose images of a lion and wolf on the obverse and reverse determine a new and still a unique tetrobol of this type. The Paeonian Collection includes and the particularly rare bronze issues (**115-124**) of the king Leon (c.278/77 - c.250(?) BC) and presently, it is the largest public collection of coins that were minted by this ruler. The examination and metrological-iconographic analysis, allowed by these 10 specimens, actually reveal that Leon issued his coins in two separate denominations. Equally, the bronze coins of the last Paeonian king Dropion (c.250-c.230 BC), which are present in the Collection, according to their number - 97, again make it the largest public collection of his coins. There are three distinct coins types of Dropion's bronze issues, the third being revealed by one of the specimens that probably bears the portrait of the king on the obverse (**219**). Other rare specimens presented on this occasion, include the silver issues of Pelagia (**236-238**), a city in the vicinity of Paeonia, which was probably located at the territory settled by the Agrianes.

I hope that the publishing of 238 specimens from the Paeonian Collection of the National Bank of the Republic of Macedonia will enable these coins to become available to the wider academic community and also to deepen the future studies in this field.

# PAEONIAN TRIBAL COINAGE

The local tribes that inhabited the territory of the Aegean coast and inland started their coin production at the end of VI century BC; these series of coins represent not only a significant work of art of the late Archaic period, but also a vivid testimony for the existence of the tribes that inhabited the area along the lower flows of rivers Axius (Vardar) and Strymon (Struma), and the area of Mt. Pangaeon (Kushnica). In the numismatic literature, this coinage is usually termed *Thraco-Macedonian*,[1] yet the term has more of a geopolitical meaning, since it is known that a significant part of the lower Macedonian areas was populated or occupied by the Paeonians until the withdrawal of the Persians and the conquest of Alexander I (498-454 BC) in 479 BC.[2] Here, one should also mention the tribes of undisputedly Paeonian origin, that were spread on the territory along the upper flow of Strymon, the upper and middle flow of Axius, as well as along the valleys of Pontus (Strumica) and Astibus (Bregalnica),[3] a region that at present mostly belongs to the Republic of Macedonia. The first coins were issued by Lete, Derrones, Laeaei, Mygdones (?), Orrescii, Edones, Bisaltae, Tynteni, Ichnaei, but also by other tribal communities known only by their aneprigraphic coins, a sole proof of their existence in history.

The main precondition for the early appearance of coinage was the abundance of gold and silver ore that was plentiful in the territories populated by these tribes, i.e., the mines located around the mountains of Dysoron (Krusha) and Pangaeon, as well as in the Kratovo-Zletovo and Shtip-Radovish regions.[4] However, with the Persian domination of the Balkans (510-479 BC), because of tax collection imposed on the tribal communities, the existing, otherwise low, production was significantly increased, and the conquered tribes started to issue large denominations solely made of silver.[5] They used identical weight standard when minting their coins,[6] as well as very similar iconographic representations. This was probably a result of the political situation imposed by the Persians,[7] but it also implies the existence of an organized monetary community among the neighbouring tribes,[8] of course taking into consideration the small denominations intended for local use.

The tribal coinage presented in this catalogue is covered only by the coins of several tribes – Derrones, Laeaei, Mygdones (?), Ichnaei and Orrescii, all of them with small and rare specimens of silver

1 Although the term is not appropriate, it has been also used in the more recent numismatic bibliography, see: Schönert-Geiß 1999, 1191-1219.
2 Херодот, V.1,13,15-17, VII.113; Тукидид, II.99.4; Полибије, XXIII. 10; Јустин, VII.1; Strabo, VII. frg. 41.
3 Тукидид, II.96.3; Strabo, VII, frg. 4; Polyaenus, IV, 12.3: according to Papazoglu 1969, 427.
4 On the ore wealth of these regions see: *HM* 2, 70; Borza 1990, 53-54; Borza 1995, 39-43; Керамидчиев 1977, 105-110; Petrova 1999, 118-119; Микулчиќ 1999, 145-146; Драганов 2000, 51, see also Херодот, V.17, VII.112; Strabo, VII, frg. 34..
5 According to N. Hamond (*HM* 2, 74), this form that they had was most acceptable for the export of the silver, which traveled also in a form of ingots to the East; M. Price (Price 1987, 44) is also convinced that these big and heavy coin denominations of the tribes, discovered in the eastern Mediterranean hoards were exported as silver and they were used as trade rather than for tax payment.
6 The standard that is complicated and uses both Oriental and Hellenic denomination systems is called *Traco-Macedonian* by D. Raymond (Raymond 1953, 23), and this name has been accepted in the contemporary numismatics; M. Price (Price 1974, 4) also bases his simplified metrological table on these two systems. J. Svoronos (Svoronos 1919, 1 - 265) calls it *Paeonian* (see metrological table at the end). This term is especially acceptable for the coinage of Paeonian tribes among the upper and middle flows of Axios and Strymon; see also Josifovski 2006, 259.
7 Драганов 2000, 31.
8 Raymond 1953, 43 - 59.

denominations such as tetrobols, triobols, diobols, trihemiobols, obols and hemiobols.

An exception is the Paeonian tribe of Laeaei, represented with a rare silver octodrachm (**23**), whose iconography is similar to the one of Derronian decadrachms and dodecadrachms, of the type *bearded man seated in cart drawn by oxen / trisceles*.[9] Based on this, and because of their rougher features, they were considered barbaric imitations or forgeries for a long time.[10] Yet, the discovery of a specimen of these coins in a hoard in Egypt around 1879, together with a coin of Aeneia, Terone and the Bisaltae has confirmed its originality.[11] Their obverse representation, as some of the Derronian ones, besides the bearded man holding a whip in his hand who sits to the right in a cart drawn by two oxen and the Corinthian helmet in the upper part, usually has the legend ΛΑΙΑΙ below, written in roughly designed letters, which is illegible in this case. On the back side, on the place of the trisceles, there is an image of the winged horse Pegasus in a double frame, all within a shallow incuse square. Undoubtedly, there was a relation between these two Paeonian tribes, and the presence of Pegasus between the legs of the trisceles beside the palmettes, on a specimen of a Derronian decadrachm discovered in Kumanovo, a property of the Museum of Macedonia in Skopje,[12] strengthens their closeness even more, not only iconographically, but also geographically. Thucydides mentions that the Laeaei settled along the upper flow of Strymon, and he locates the autonomous Paeonians west of them;[13] they could be related to the Derrones,[14] of which there is no information in the written sources. With respect to the chronological frames within which this Laeaei octodrachm could be dated, because of the lack of historical data, which is the case with the tribal coinage in general, only the data obtained from the analysis of certain hoards of coins can be used; especially significant are the published results on the hoards of Asyut (Egypt)[15] and Lycia (Turkey).[16] Based on this, I think that this specimen should be dated to the period of 479 to 460/50 BC, when the Bisaltae octodrachms are dated, as well as the type of Derronian coins with the trisceles on their reverse, both absent from Asyut;[17] the mentioned iconographic similarity to the Derronian ones, as well as their common presence along the Bisaltae coins in the Egyptian hoard, confirm this dating.

Despite the fact that there are no written data on the Derrones, the coinage that is attributed to this Paeonian tribe is the largest confirmation of their existence. The Derrones are confirmed by the inscriptions on the silver dodecadrachms, decadrachms and tetradrachms, which are sometimes anepigraphic, as well. The possible region of their inhabitation has been reviewed by several authors, who placed them at the Sithonia promontory on Chalcidice,[18] near Dojran,[19] Shtip and Kratovo,[20] i.e., on the broader territory between the upper and middle flow of Axius and Strymon.[21] In this region,

9 Svoronos 1919, Pl. I.10-14, 16, II. 1-6.
10 Head 1911, 202 and Gaebler 1935, 56, T.XXV.19; J. Svoronos (Svoronos 1919, 21-22, Pl.III.7) has no doubts about their authenticity and attributes this coin to the Laeaei.
11 *IGCH* no. 1634; it is assumed that the tetradrachm of Aeneia is in Berlin, and the other coins are in London, see: *BMCMac.*, 107, no. 3 (Terone), 141, no. 3 (Bisaltae), 151, no. 2 (Laeaei).
12 Петрова 1994, 9-19.
13 Тукидид, II.96.3
14 Петрова 1994, 9; Petrova 1999, 7.
15 Price, Waggoner 1975.
16 Price 1987, 43-47.
17 Ibid, 45, the issues of the Bisaltae are dated in 480-460 BC, while those of the Derrones in the late 460s or 450s BC.
18 Gaebler 1897, 292.
19 Svoronos 1919, 20.
20 *HM* 2, 75.
21 Петрова 1991, 51; Petrova 1999, 94.

the presence of coin hoards of large denominations, including the Derronian ones, is rare, as opposed to their large numbers at the area of the Eastern Mediterranean (Egypt, Syria, Jordan, Iraq, Afghanistan). This geographical distribution confirms that they functioned as a means of tax payment, but also of trade and export by the Persians.[22] However, it is interesting that there are hoards on the Balkans that contain the high denomination coins of the Derrones,[23] but they are far rarer than the ones mentioned before; the Persians probably used them to pay their own army soldiers.[24]

However, the low-value coins that were for local usage are always of significance, since the spots of their discovery can imply the autochthonous territory of a certain tribe. Accordingly, it has been concluded that the eastern part of the Republic of Macedonia overlaps the territory populated by the Derrones.[25]

It is these coins that make the core of the tribal coins of the Paeonian Collection of the National Bank of the Republic of Macedonia (**1-21**), all of them being without inscriptions and originating from the region of Veles - Sveti Nikole - Shtip - Radovish. In this catalogue they are given in chronological and typological order, beginning with the oldest coin which was originally attributed to the Orrescii.[26] Yet, after an identical specimen was discovered in the Asyut hoard, because of the closeness of its style to an inscribed tetradrachm from the same hoard, the coin, was attributed to the Derrones and it was dated between *c.* 500 and 480 BC by the authors who published the hoard.[27] All the other Derronian coins are dated to the period after 480 BC, i.e., after the withdrawal of the Persian armies from the Balkans. No coin of this type has been discovered so far in the Balkan or eastern Mediterranean hoards; therefore, I think that for now they should also be dated, as Price suggests in the case of the high denomination specimens of the type with a trisceles on the reverse, from 479 to late 460s/450s BC.[28] This chronology particularly regards the group of coins of the type *kneeling bovine / Corinthian helmet within an incuse* (**2-11**), because an identical specimen[29] was discovered in a grave within an Archaic necropolis in the Karaorman Village, Shtip in 1959; the other grave offerings are placed within a time frame of the second quarter of V century BC, and therefore the mid-century has been taken as the lower limit.[30] Coins of this type, but with ΔOKI inscription on the obverse, have been attributed to the supposed Derronian ruler Docimus; because of this, the existing anepigraphic, iconographically identical specimens have been also attributed to him.[31] Likewise the Derrones, this ruler has not been confirmed in the sources, remaining so still a matter of supposition. This coin group additionally includes two trihemiobols with representation of a forepart of a bovine, instead of a full-sized animal (**12-13**).

A separate typological group that is attributed to the Derrones consists of specimens with a bull, both on the obverse and the reverse

22 Price 1987, 44.
23 Around 1912 a hoard that contained mostly Derronian octodrachms was discovered in Shtip (Republic of Macedonia); their correct number is unknown, and specimens of this hoard are in New York (1), Berlin (1-2), Belgrade (1), Greece (1) (*IGCH* no. 355; *CHY* no. 13); in 1937 a hoard with ten Derronian decadrachms was discovered in the village of Velichkovo, Pazardzhik (Bulgaria); nine of them are in Sofia and one in Pazardzhik (Gerassimov 1938, 80 - 84, Герасимов 1955, 576-578; *IGCH* no. 690); in 2003, the largest hoard of Derronian decadrachms (ca.95) was discovered in Vranje; seventy of them were immediately dispersed and sold, while 25, one of which being an octodrachm of Alexander I, are kept at Vranje Museum (Митровић 2005, 59-88).
24 Драганов 2000, 53.
25 Although the low-denomination coins which have been discovered there are mostly without inscriptions and can not be attributed to them for certain, the iconographic similarity with those of a higher value suggests Derronian origin.
26 Svoronos 1919, 57, 13.
27 Price, Waggoner 1975, 29-30.
28 Price 1987, 45; on the proposed dating of this type of coins, *cf.* Josifovski 2006, 257.
29 There is a die-identity between this specimen and the one catalogued under no. 3 (inv. no. 2004/4/26) from the Collection of the NBRM.
30 Микулчић 1965, 201, fig. 14, 208.
31 Svoronos 1919, 13, Pl. II. 8-11, 15. Docimus was also indicated as a Thraco-Macedonian ruler, see *BMCMac.*, 151, nos. 1-5; Gaebler 1935, 144-145, nos. 2-7.

(**14-15**); or without a representation on the reverse (**16-19**); and also specimens with a stylized representation of a bull on the front side, whose incuse representation is also on the back side (**20-21**). The last two specimens are of a very low weight, and therefore it can be said that they have the value of an obol (**20**), and a hemiobol (**21**), respectively. Their appearance also leaves a possibility to consider them pseudo-money forms, whose iconographic protomodels were probably the obverse representations of the specimens catalogued under the nos. 14, 15, 16 and 18.

The iconography that appears on the coinage of the Paeonian tribe Derrones involves a type of a bovine or bull, which was probably typical for the territory populated by this tribe, and therefore it was represented on their coins. It might even be the same Paeonian bull the traveller Pausanias wrote about, which, according to him, had been called bison.[32] These Paeonian bulls were described by him as shaggy all over, and especially around the chest and lower jaw,[33] a description fitting the representations on part of the coins attributed to the Derrones in the Collection of the National Bank of the Republic of Macedonia (**1-13**). What is also noticeable in the analysis of their issues is the presence of a flower (**2-11**), and star (**14-21**) as obverse symbols. The star that appears individually, and on a disc, is related to the Sun, whose cult was especially worshiped by the Derrones[34] and in the later period, it is identified with Apollo.[35]

As far as the other tribal coins are concerned, it is important to point out two specimens – a diobol and a trihemiobol (**24-25**), which used to be attributed to the first Macedonian royal capitol Aegae;[36] according to the more recent research, based on the linguistic and iconographic evidence, C. Lorber has shown that this origin cannot possibly be correct. Synthesizing her findings obtained from numismatic and historical evidence with the metrological, stylistic-typological and hoard data, she convincingly defines them as tribal issues of the Mygdones or Crestones, considering the former as a more pobable designation. The chronological span in which the coinage of this tribe is set is from *c.* 490 to *c.* 470 BC, and unlike the staters, it has been suggsted that the issuing of the smaller denominations started before 490 BC.[37]

The coinage of the Ichnaei (**22**) and Orrescii (**26**) in this catalogue should be placed approximately in the same chronological group. The date set for their silver trihemobols, from c. 490 to 480 BC, is defined on the basis of the chronology of the coins found in the Asyut hoard, that are also attributed to Ichnaei and Orrescii.[38] In this respect, although different denominations are concerned, the reverse representations of a wheel with four spokes within a shallow incuse square and a quadripartite incuse square present on the trihemiobols, are stylistically similar to the representations on their octodrachms and staters of the hoard mentioned.

32 Pauzanija, X.13.1-3 writes about the bronze head of the Paeonian bison that was dedicated to the Delphi sanctuary by Dropion, and he further explains the way in which these animals were hunted.

33 Ibid., IX.21.2.

34 Maximus of Tyre (Max. Tyr. VIII.8) wrote that the Paeonians worshiped the Sun (Helius) in a shape of a disc affixed to the top of a long pole.

35 Срејовић, Цермановић 1979, 41, 457.

36 *BMCMac.*, 37-8, no. 1-15 (Aegae or Edessa); Gaebler 1935, T.V. 21-32 (Aegae); J. Svoronos (Svoronos 1919, 6-7, 21-24, 34-36) at his time rejected the attribution to Aegae, considering the coins with a representation of a goat issues of certain tribal alliances of the Derrones, Laeaei, Graeaei, but also the Bisaltae.

37 Lorber 2000, 113-133.

38 Price, Waggoner 1975, 29-30, 33; M. Price (Price 1974, 40), dates an obol of the Orrescii c. 490 BC; and D. Draganov (Драганов 2000, 122, 126) sets the coinage of these two tribes at the same period (c. 490-480 BC).

# PAEONIAN REGAL COINAGE

After the withdrawal of the Persian armies and after the conquest of the Paeonian territories in Lower Macedonia by Alexander I, the local tribes were ethnically and politically assimilated by the Macedonians, and they disappeared from history; the Paeonians were left with the territory on the north, populating the areas along the upper and middle flow of Axius, the flows of Astibus and Pontus (Strumica), up to Strymon on the east, and along the valley of Erigon (Crna Reka), in Pelagonia and Deuriopus on the west.[39] The Paeonians actually created their state within these territorial frames, and it existed throughout the whole IV century, until the last decades of the III century BC, a period in which several rulers of the regal dynasty changed.

Agis is the first Paeonian king who has been confirmed in the literary sources;[40] unfortunately, no issues of coins related to him have been known so far. Thus, the official regal Paeonian coinage actually appeared in the middle of IV century BC; however, there are also finds of coins of several local rulers which were supposedly of Paeonian provenience. These are rulers who are only known by the coins inscribed with their names, such as Bastareus,[41] Nicarchus,[42] Simon,[43] Diplaeus,[44] Teutamadus,[45] who ruled in the course of IV century BC.[46] This group of local rulers also includes Teutaus, who chronologically preceeeded all Paeonian kings, regardless of the fact whether they have been factographically confirmed or only supposed ones; his unique silver diobol (**27**) is part of the Paeonian Collection of the National Bank of the Republic of Macedonia.

Although Teutaus (*c*. 400 – *c*. 380/70 BC) has not been recorded in the written sources, still, starting from the rule that the small denominations tend to circulate locally, the place of discovery of his coin - the village of Koreshnica, Demir Kapija, a confirmed Paeonian territory, led V. Lilchikj and P. Josifovski to consider him as a representative of the Paeonian regal house; according to the type of cantharus within the incuse square represented on the reverse, they have placed his reign in the third quarter of the V century BC.[47] On the other hand, E. Petrova has proposed that his reign should be re-dated to the first decades of IV century BC, because of the presence of the incuse square, which was typical for the coins minted in this region until the seventies of IV century BC.[48]

Although no cantharus with identical form as the one on

39 Merker 1965, 41; Петрова 1991, 41-50, Petrova 1999, 67-71. According to burial culture in pre-historic and archaic period, these territories have been confirmed as Paeonian ones, as well, see: Митревски 1997, 202-205.

40 Diodorus, XVI.4.2.

41 Three tetradrachms are known, see Muret 1881, 329-331 (12.71 g); Gaebler 1935, 147, no. 16 and note (11.70 and 13.15 g).

42 One tetradrachm, see Muret 1882, 211 (13.25 g).

43 One tetradrachm, see May 1939, 189, Pl. IX.A (13.60 g).

